Друштво за осигурување
СИГАЛ Иншуренс Груп АД
Бр. 0202 - 24 / 1
16.03.2026
СКОПЈЕ

Управниот одбор на Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје на седница одржана на ден 16.03.2026 год. ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**Член 1**

Се усвојуваат измените на Дополнителни услови за осигурување на одговорноста на работодавецот бр.038/12 од 01.11.2012 година .

**Член 2**

**Се менува член 9** „Надлежност и застарување" и истиот во иднина гласи :

*„Во случај на спор помеѓу Осигурувачот од една страна и Договорувачот,осигуреникот, корисникот и/или секое трето лице од друга страна надлежен е Основниот граѓански суд Скопје.*
*Осигурувачот нема обврска за исплата на настанатата штета, доколку побарувањето за истата е застарено согласно одредбите од Законот за облигационите односи."*

Член 3

**Во Членот 7 се додава нова точка 8.** која гласи

*„8..Договорувачот,осигуреникот,корисникот и секое трето лице е должно да поднесе барање за надомест на штета на начин и рокови дефинирани со овие услови .*
*Доколку истото лице поведе судска постапка за надомест на штета без да поднесе вонсудско барање за надомест на штета, или поведе судска постапка пред истек на рокот определен за осигурувачот вонсудски да даде одговор на поднесеното барање, таквата тужба согласно овие услови ќе се смета за преуранета и неоснована, и трошоците за истата се на товар на тужителот."*

**Член 4**

Оваа одлука стапува на сила на 01.04.2026 година.

**Член 5**

Се задолжува Секторот за правни работи, човечки ресурси и законска усогласеност, новите Услови да ги достават до Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од 5 дена од усвојувањето на оваа одлука,.

*Образложение:*

Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје, пристапува кон измена на постојните услови во насока на дефинирање на обврската за пријава на штети, дефинирање на застарувањето на побарувањата и дефинирање на надлежен суд .

СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје
Претседател на Управен одбор
Драгон Азизи

SIGAL Insurance Group
Друштво за осигурување
СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје
Генерална дирекција